ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Врз основа на член 23, став 1, точка 10 од Законот за јавни набавки, АД за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија" - Скопје, во државна сопственост, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр. 01-3/2024**
**за прибирање на понуди за набавка на**
**Мазут М-1 НС**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Купувач по јавен повик бр. 01-3/2024 е А.Д."Електрани на Северна Македонија" - Скопје, со седиште на ул.11 Октомври бр.9, 1000 Скопје

## 2. ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА Е :

2.1 Мазут М-1 НС за потребите на Подружниците на АД „ЕСМ" - Скопје, со квалитет, согласно квалитетот определен во Тендерската Документација.

2.2 Огласот е јавен и анонимен, со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица регистрирани за ваква дејност и кои ги исполнуваат условите од тендерската документација.

2.3 Отварањето на понудите ќе се изврши во присуство на заинтересирани понудувачи.

## 3. ОБЕМ НА НАБАВКАТА

3.1 Количините за набавката се : **48.766,50 тони** за Подружници на АД „ЕСМ" по распределба дадена во Тендерската документација.

3.2 Мазутот ќе се испорачува сукцесивно во период до целосно искористување на вкупната финансиска рамка, според потребите на Купувачот. Количините се ориентациони и не се обврзувачки за купувачот. Динамиката на испорака ќе се одвива по налог на Купувачот при што рокот на започнување на поединечните испораките неможе да е подолг од 48 часа.

3.3 Потребно е да се понуди тип на мазут кој согласно регулативите во државата моментално е одобрен за продажба и користење.

3.4 Не е дозволена делумна понуда.

## 4. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

4.1 Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

4.2 Потекло на Мазутот М-1 НС.

4.3 Понудата се доставува на образецот на понудата даден во тендерската документација, заедно со прилозите согласно тендерската документација.

## 5. ПОДИГАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

5.1 Тендерската документација, заинтересираните понудувачи можат да ја добијат по електронски пат во работни денови (од понеделник до петок) од 08 до 14 часот по БАРАЊЕ доставено на следните e-mail адреси:

- blagica.markovik@elem.com.mk

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

5.2 Контакт телефони на купувачот:

- Благица Марковиќ тел. 02/3149-126,
- Никола Стојановски тел. 02/3149-127,
- Емил Пецаков тел. 02/3149-258

## 6. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

6.1 Документацијата која понудувачите ја доставуваат, дефинирана е во тендерската документација.

## 7. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

7.1 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно следните критериуми:

- Најниска цена ---------------------- 100 бода

## 8. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

8.1 Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса АД "Електрани на Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје.

8.2 Понудата се доставува во затворен коверт со назнака "не отварај", понуда по " јавен повик за набавка на Мазут М-1 НС", со повикување на бројот на повикот.

8.3 Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Купувачот.

8.4 Рокот за доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите.

8.5 Јавното отворање на понудите ќе се изврши на ден **21.02.2024 год. во 09:30 часот** во просториите на АД"Електрани на Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје во присуство на овластените претставници на понудувачите.

## 9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9.1 Секој понудувач може да учествува само со една понуда, што подразбира и неможност за давање на алтернативи во понудата.

9.2 Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Огласот, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Огласот, нема да се разгледуваат.

9.3 Претставниците на понудувачите треба да достават писмено овластување за учество на јавното отворање на понудите.

9.4 Јазик на огласот и постапката е Македонскиот јазик.

**Комисија за јавни набавки**